Врз основа на член 18 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), член 15 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр. 01-3732/1 од 29.07.2019 година и член 10 од Правилникот за процесот на проценка на влијанието на заштитата на личните податоци ( „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/2020), а согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-2312/7 од 14.06.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 23-та седница одржана на 14.06.2022 година донесе:

# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕ НА ЗАШТИТАТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

## 1. Што претставува Проценката на влијанието на заштитата на личните податоци (во натамошниот текст: ПВЗЛП)

ПВЗЛП претставува процес дизајниран да ја опише обработката на личните податоци, да ја процени нејзината неопходност и пропорционалност и да помогне во управувањето со ризиците за правата и слободите на физичките лица кои ќе настанат со обработката преку нивна проценка, како и да се предвидат мерки за справување со тие ризици.

## 2. Кога се врши ПВЗЛП

Проценка за задолжителност за спроведување на ПВЗЛП се врши во зависност од условите пропишани во член 39 став (1) од Законот за заштита на личните податоци и согласно член 3 и член 5 од Правилникот за процесот на проценка на влијанието на заштитата на личните податоци.

ПВЗЛП задолжително се врши пред да започне обработката на личните податоци, односно при воспоставување на нови процеси на обработка на лични податоци. а особено кога се воведуваат нови технологии за обработка на личните податоци

ПВЗЛП се врши пред да се направат значителни промени на некои постојни операции на обработка на личните податоци.

При споведување на ПВЗЛП, директорот определува лица задолжени за спроведување на ПВЗЛП во зависност од видот и обработката на лични податоци. Се препорачува во овој процес да бидат вклучени лица од Секторот за информатичка поддршка и општи работи. Во процесот на ПВЗЛП задолжително треба да бидат вклучени и офицерите за заштита на лични податоци.

## 3.Критериуми за ПВЗЛП и содржина

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст: АВМУ) при определување кои операции на обработка веројатно ќе резултираат со висок ризик и за кои ПВЗЛП е задолжителна треба да го има во предвид најмалку еден од критериумите дадени во членот 4 од Правилникот за процесот на проценка на влијанието на заштитата на личните податоци.

ПВЗЛП задолжително содржи:

- опис на предвидените операции на обработка и целите на обработката;
- проценка на потребата и пропорционалноста на обработката;
- проценка на ризиците за правата и слободите на субјектите на личните податоци; и
- мерки предвидени за: управување со ризиците и демонстрирање на усогласеност со прописите за заштита на личните податоци.

## 4. Методологија за спроведување на ПВЗЛП

Методологија за спроведување на ПВЗЛП содржи:

- Систематски опис на обработката:
  - земени се предвид природата, обемот, контекстот и целите на обработката;
  - евидентирани се личните податоци, примателите и периодот на чување на личните податоци;
  - даден е функционален опис на операцијата на обработка;
  - идентификувани се средства од кои зависат личните податоци (опрема, софтверски програми, мрежи, лица, документи во хартиена форма или канали за испраќање документи во хартиена форма);
  - земена е предвид усогласеноста со одобрените кодекси на однесување.

- Неопходност и пропорционалност:
  - одредени се мерките предвидени за усогласување со прописите за заштита на личните податоци, земајќи ги предвид:

  1. Мерки што придонесуваат за пропорционалност и неопходност од обработка врз основа на:
  - конкретни, јасни и легитимни цели;
  - законитост на обработката;
  - соодветни и релевантни лични податоци и ограничени на она што е потребно;
  - ограничен рок на чување.

  2. Мерки кои придонесуваат за правата на субјектите на личните податоци:
  - информации доставени на субјектот на личните податоци;
  - право на пристап и преносливост на податоците;
  - право на исправка и бришење;
  - право на приговор и ограничување на обработката;
  - односи со обработувачите;
  - заштитни мерки кои се однесуваат на преносот;
  - претходна консултација.

- Ризици за правата и слободите на испитаниците:
  - се проценува изворот, природата, особеноста и сериозноста на ризикот или подетално, за секој ризик (неовластен пристап, несакани промени и исчезнати податоци) од гледна точка на субјектите на личните податоци:
    - ❖ земени се предвид изворите на ризик;
    - ❖ утврдени се можните ефекти врз правата и слободите на личните податоци, меѓу другото, во случај на неовластен пристап, несакани промени и исчезнати податоци;

    - ❖ идентификувани се закани што може да доведат до неовластен пристап, несакана промена и изчезнати податоци;
    - ❖ проценета е веројатноста и сериозноста;
  - предвидени се одредени мерки да се отстранат овие ризици.
- <u>Вклучени се засегнатите страни:</u>
  - побаран е совет од офицерите
  - каде што е соодветно, побарани се мислења на субјектите на личните податоци или нивните претставници.

**5. Постапка на ПВЗЛП**

**ПВЗЛП се спроведува во четири фази и тоа:**

1. <u>Дефинирање на контекстот –</u> во првата фаза се дефинира контекстот на обработка и се наведуваат, односно опишуваат најмалку следниве информации:
- збирка на лични податоци;
- цел на обработката;
- движење на податоци;
- метод(и) на добивање на податоците;
- начин и средства за обработка на податоците (користена опрема, мрежи, човечки ресурси итн.);
- субјекти кои се вклучени во обработката (контролори, обработувачи, корисници итн.); и
- рок на чување.

2. <u>Анализа на ризик</u> – во втората фаза се идентификуваат заканите (несакани исходи), како и се одредува веројатноста и влијанието (последицата) од остварување на секој ризик.

Ризикот се изразува како функција од веројатноста да се случи несаканиот исход (заканата) и влијанието (последицата) од несаканиот исход доколку се случи.

Ризикот = (веројатност да се случи заканата) x (степен на влијанието)

Влијанието може да биде:

- ниско, кога физичките лица можат да се соочат со неколку помали непријатности, кои ќе ги надминат без проблем;
- средно, кога физичките лица можат да се соочат со значителни непријатности, кои ќе можат да ги надминат и покрај одредени тешкотии;
- високо, кога физичките лица можат да се соочат со значителни последици, кои би требало да можат да ги надминат, но со сериозни тешкотии; и
- многу високо, кога физичките лица можат да се соочат со значителни, па дури и неповратни последици, кои најверојатно нема да можат да ги надминат.

Проценката на ризикот се спроведува според начелата за заштита на личните податоци.

3. <u>Управување со ризик</u> – во третата фаза треба да се опфатат заштитните мерки, односно мерките на безбедност и механизмите дизајнирани да го намалат ризикот на прифатливо ниво, како и да се обезбеди заштита на личните податоци и да се прикаже усогласеност со прописите за заштита на личните податоци.

Мерките, исто како и кај проценката на ризикот треба да се поделат според начелата за заштита на личните податоци.

4. <u>Составување извештај од спроведена ПВЗЛП</u> – Во извештајот се документираат сите фази на спроведување на ПВЗЛП.

Извештајот од спроведената ПВЗЛП особено содржи: опис на процесот на обработка, внатрешни и надворешни лица вклучени во процесот на спроведување на ПВЗЛП, анализа на ризик, дефинирани мерки за управување со ризикот, резиме/заклучок, акциски план, мислење на офицерите и на другите лица вклучени во процесот, одобрување на ПВЗЛП од страна на директорот/заменик на директорот на АВМУ.

**6. Објава**

Оваа методологија влегува во сила од денот на нејзино донесување и истата ќе се објави на огласната табла на АВМУ.

**Бр.01-2374/1**
**14-06.2022 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**